Арх.бр. УП1-15 1775/2021

Дата......0 8 -12- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Радовиш, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш.**

Вкупната должината на трасата на патот изнесува 495 m. Должината за која што се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 200 m.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y10521** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата изградба на пат од село Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Радовиш, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36036 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш. Вкупната должината на трасата на патот изнесува 495 m. Должината за која што се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 200 m.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1775/2021 од 19.11.2021 година.

Услови за планирање на просторот за изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од “Просторниот план на Република Македонија”, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба пат од с. Раклиш до регионален пат Р1310 со комунална инфраструктура, Општина Радовиш,** и одлучи како во диспозитивот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk